РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 10-1678/5
16. 12. 2025 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуѓи на пазарот на трудот за 2025 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за 6. Програма за работно ангажирање-Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Општина Богданци односно учество на општина Богданци во ОП за 2025 мерка 6.Јавни работи на ден 16.12.2025 година се објавува:

# Ј А В Е Н  П О В И К

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата/мерка 6.1 Јавни работи

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Јавни работи, проект „Зголемена заштита на животната средина преку уредени јавни површини во Богданци " за работно ангажирање од 4(четири) часа дневно за период од 30 (триесет) дена во континуитет заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на трудот, да се пријават во Агенцијата за вработување-Центар за вработување Гевгелија.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата/мерката „Јавни работи " ке бидат работно ангажирани за 4(четири) часа дневно за период од 30 (триесет) дена во континуитет.

За период додека лицата се работно ангажирани преку програмата/мерката „Јавни работи " истите не го губат статусот на невработено лице и истите се должни редовно да се јавуваат во Агенцијата за вработување - Центар за вработување Гевгелија со цел почитување на обврските согласно со закон. На невработените лица -корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во програмата за „Јавни работи " имаат сите невработени лица од евиденцијата на АВРСМ, како и корисниците на гарантирана минимална помош.

На кандидатите кои ке бидат избрани и вклучени во програмата за „Јавни работи "ке им биде исплатен надоместок од 800 денари по работно ангажирано лице-дневно со вклучено осигурување за инвалидитет и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход.Работното ангажирање може да биде реализирано во еден циклус годишно, во времетраење од 30 дена по 4 часа дневно.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на општ работник-5 лица.

Заинтересираните невработени лица Пријавите за учество во програмата „Јавни работи " можат да поднесат до Агенцијата за вработување -Центар за вработување Гевгелија-подрачна канцеларија во Богданци во периодот од 16.12.2025 година до 22.12.2025 година (пет работни дена) од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор со избраните кандидати.

Детална информации на Програмата „Јавни работи " може да се добијат во општина Богданци кај лицето Ванчев Борис, Општински координатор на програмата за „Јавни работи " Агенција за вработување-Центар за вработување Гевгелија кај лицето Емилија Стратрова.

Градоначалник на

Општина Богданци

Блаже Шапов